Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/2017 Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 29.12.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за организирање и спроведување на дежурства во приватните здравствени установи аптеки кои имаат склучен договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

**Член 1**

Заради обезбедување на континуирана здравствена заштита за осигурените лица ноќе, сабота, недела и државни празници, приватните здравствени установи аптеки на територијата на Република Македонија, кои имаат склучен договор со ФЗОМ се задолжуваат да организираат дежурства.

ПЗУ аптеките од територијата на определена подрачна служба на Фондот, изготвуваат Листа на дежурства со дневен распоред на дежурни аптеки, во тековниот месец за наредниот месец, според Образец ДА кој е во прилог на оваа одлука.

**Член 2**

Дежурствата во ПЗУ аптеките се спроведуваат на следниот начин:

- **Континуирани дежурства во просториите на аптеката** спроведуваат ПЗУ аптеките кои воспоставиле 24 часовно работно време, во градот Скопје и во други градови, односно населени места,

- **Дежурства на повик (состојба на готовност)** се спроведуваат во градовите, односно населените места, каде што нема аптека со 24 часовно работно време. Фармацевтот/фармацевтскиот техничар од дежурната аптека издава лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во просториите на аптеката, согласно законските прописи по добиен телефонски повик од лекарскиот тим од здравствената установа каде се спроведува дежурството,.

**Член 3**

ПЗУ аптеките редовно доставуваат Листа на дежурни аптеки до Подрачната служба на Фондот и дежурната служба во здравствената установа,.

Листата на дежурни аптеки се истакнува на веб-страницата на Фондот и во дежурната служба во здравствената установа.

[1] 02-18128/1 [2017]

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

Со денот на почетокот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за организирање на дежурства во приватните здравствени установи – аптеки со број 02-13386/1 донесена од Управниот одбор на 6 август 2014 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Претседател,**

**Д-р Фатмир Меџити**

Изготвил: Јешим Алими

Соња Златановска

Јасмина Смилевска

Контролирал: Кристина Христова

Одобрил, Директор: Данаил Дончев

Орхан Рамадани,

Orhan Ramadani

**Усвоено од Управниот одбор на** 02- 29. 12. 2017

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## ФЗОМ – Образец ДА

# Листа на дежурни аптеки за месец ____година____

| Реден број | Населено место | Назив на здравствена установа-аптека организациона единица | Датум на спроведување на дежурство | Телефон на аптеката/ Телефон за повик | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |